Акциски план за спречување корупција и судир на интереси на општина Штип за 2023

Општина Штип

Октомври 2022

Содржина

1. Вовед 3
2. Процена на ризиците од корупција 4
3. Опфат на акцискиот план и цели 4
4. Методологија 6
5. Акциски план 6
5.1 ЈАВНИ НАБАВКИ 6
5.2 ВРАБОТУВАЊА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР 9
5.3 УРБАНИЗАМ 10
5.4 ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ 12
6. Користена литература 14

1. Вовед

Корупцијата е појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности. Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[1] под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".[2] Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес[3]. Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата за спречување на појавата на корупција бара систематизирани напори и целосна посветеност на сите чинители во општествениот живот, вклучително и во единиците на локалната самоуправа. Тоа е континуиран процес на воспоставување и преиспитување на внатрешните процедури и постапки, со цел да се идентификуваат потенциално слабите точки, односно работните места и поедниците кои се изложени на притисоци и можности за коруптивно однесување

Во таа насока е и подготовката на годишниот акциски план за спречување корупција и судир на интереси на општина Штип.

Општина Штип во насока на транспарентно и отчетно работење ја препозна важноста на еден ваков документ кој ќе даде конкретни насоки и чекори за спречување на корупцијата и судирот на интереси на локално ниво. За таа цел ја покани Фондацијата за развој на локалната заедница Штип да се вклучи и помогне во процесот на подготовка на акционен план низ транспарентен и партиципативен процес.

Годишниот акциски план спречување корупција и судир на интереси е подготвен низ партиципативен процес со вклучување на професионалци од локалната администрација и е во согласност со Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси[4].

---

[1] Закон за спречување на корупција и судир на интереси (Службен весник на РМ бр. 12/2019), член 2 став (1)
[2] Исто, член 2 став (3)
[3] Исто, член 4
[4] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf

Годишниот акциски план има интенција да дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на внатрешните системи, јакнење на функционалноста на системот и враќање на довербата во него во антикорупциските напори.

2. Процена на ризиците од корупција

Акцискиот план за спречување корупција и судир на интереси на општина Штип е подготвен врз основа на проценетите ризици од корупција направени од Државната Комисија за Спречување корупција (ДКСК) како и врз основа на истражувањето за проценка на области ранливи на корупција на локално ниво од ноември 2020[5].

Во фокусот на проценката на ДКСК е утврдување на ризиците од корупција кои се однесуваат на трошењето на јавни пари или злоупотреба на службени позиции во јавниот сектор. Проценката на ризици ги идентификува следните хоризонтални области каде се генерираат силни ризици од корупција:

- Јавни набавки;
- Вработувања во јавниот сектор;
- Инспекциски надзор;
- Издавање на различни одобренија, решенија, лиценци и дозволи;
- Доделување на грантови, субвенции и друга државна помош.

Во акцискиот план се опфатени три области ранливи на корупција и тоа: јавни набавки, вработувања и урбанизам.

3. Опфат на акцискиот план и цели

Спроведувањето на Годишниот акциски план треба да придонесе да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста на општина Штип, вклучувајќи ги сите институции кои се во нејзина надлежност или се основани од истата. Освен општина Штип во акцискиот план за спречување корупција и судир на интереси се вклучени јавните претпријатија основани од општина Штип: ЈП Исар и ЈП Стипион, градинките и образовните институции: општинските основни и средни училишта.

Акцискиот план за спречување корупција и судир на интереси ја демонстрира политичката волја за борба против корупцијата преку подобрување на внатрешните системи за контрола и испорака на услуги на граѓаните.

[5] http://www.adimacedonia.org/wp-content/uploads/2020/12/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%BB%D0%B8%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%BE.pdf.pdf

Примарна обврска на институциите е заштита на јавниот интерес. Во локалната самоуправа, како и во правните субјекти во кои единиците на локална самоуправа остваруваат сопственички права, потребно е да се управува со политичкото влијание на совесен и одговорен начин водејќи сметка пред се за јавниот интерес.

Потребно е континуирано да се вложуваат напори за зајакнување на интегритетот и отчетноста преку градење на јасни правила за спречување судир на интереси; воспоставување и спроведување на етички стандарди; заштита на лицата кои пријавуваат корупција; пристап до информации и транспарентност.

Подигање на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација за негативното влијание на корупцијата, преку антикорупциски кампањи и системска едукација е неопходно во сите сегменти на општеството. Информираната личност со изграден интегритет е клучна во борбата против корупцијата.

Општина Штип има Етички кодекс од 2018 [6] и Политика на интегритет од 2021[7].

Во рамките на политиката на интегритет се промовира интегритет на политичко и на административно ниво, како основа за поттикнување на етичко однесување, отпорност кон корупција, создавање на услови за општествен развој, учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси и поголема доверба на граѓаните во општина Штип.

Политиката на интегритет ги опфаќа органите на општина Штип (членките и членовите на советот и Градоначалникот) и сите вработени во општинската администрација. Во општина Штип не се толерира коруптивно однесување и која било форма на неетичко, казниво или друго незаконито однесување. Општина Штип се стреми кон развој на силна организациска структура и кохерентен систем за управување со интегритет.

Тоа што останува да се направи е контиунирано да се вложува во почитувањето на овие политики, но и соодветно санкционирање во случаи кога се прекршени. Општина Штип има назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи. [8]

Во оваа смисла спроведувањето на Акциски план треба да придонесе:

- да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста на општина Штип, вклучувајќи ги сите институции кои се во нејзина надлежност или се основани од истата

- да се воспостават механизми во рамки на општината и институциите кои се во нејзина надлежност да се ограничи и/или спречи можноста за злоупотреба на службената положба за остварување на лична корист

[6] file:///C:/Users/NevenkaLongurovaGiro/Downloads/Eticki%20kodeks-administracija-26%2004%202018.pdf
[7] Политика на интегритет на општина Штип https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/07/%D0%9F%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%A8%D1%82%D0%B8%D0%BF.pdf
[8] http://stip.gov.mk/index.php/mk/component/content/article/35-home/4334-prijavi-od-ukazuvaci

- да се воспостават механизми за стимулација и поттикнување на вработените со цел извршување на нивните задачи на поефективен и поефикасен начин.

4. Методологија

Методолошкиот пристап употребен за подготовка на акцискиот план е според програмата на Светска банка, развиена од стручни лица и лица од пракса каде акцент се става на идентификување на можностите за изложеност на вработените, односно работните места, на корупција. Овде не е намерата да се занимаваме со откривање и санкционирање на коруптивните активности, туку со преземање мерки за пречување на можностите за нивна појава. Акцискиот план на општина Штип се однесува на заложбите на општината за континуирано усовршување и подобрување на системот за внатрешна контрола и воспоставување внатрешни пишани правила и процедури кои ќе овозможат воспоставување на систем за заемна контрола и долгорочна стабилност и предвидливост на системот на одлучување, а со сел да се овозможат подобри и поефикасни услуги за граѓаните.

Имајќи го во предвид фактот дека овој акциски план е од исклучителна важност не само за општината како институција, туку за општинските јавни претпријатија, градинките и општинските основни и средни училишта, како и тоа дека истиот ќе треба да биде имплементиран од страна на вработените во овие институции, се примени широк, инклузивен и транспарентен процес на подготовка на акцискиот план со учество на раководители и вработени во засегнатите сектори во рамки на општината: вработување, јавни набавки и урбанизам, раководители и лица задолжени за јавни набавки во јавните претпријатија и општинските образовни институции како и наставници и професори по граѓанско образование. Фондацијата за развој на локалната заедница обезбеди експертска поддршка, посебно во делот на методолошкото поставување и водење на процесот на подготовка.

Процесот на изготвување на акцискиот план започна со деск анализа на достапните информации за утврдување и проценка на ризиците од корупција на локално ниво. Беше одржана работилница со сите вклучени страни, чијашто практична работа се одвиваше во подгрупи што покриваа конкретни сегменти за приоритизација на проблемите и ризиците од корупција кои се вклучени во овој документ.

5. Акциски план

5.1 Јавни набавки

Јавните набавки се една од најзначајните области кои се спроведуваат на локално ниво, помеѓу институции од јавниот сектор, како и помеѓу институции од јавниот сектор со деловни ентитети од приватниот сектор.

Голем број од постапките за јавни набавки кај договорните органи се поништуваат поради недоставени понуди, несоодветни понуди, недоволно обезбедени средства, битни пропусти во тендерската документација и слично. Честа појава е да се достави само една понуда од економски оператор со кој договорниот орган подолг период има договори за иста набавка.

Овие состојби најчесто произлегуваат од: погрешно дефинирање на техничките спецификации или нивно прилагодување на одреден економски оператор; неправилно утврдени критериуми за економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност на економските оператори; утврдени критериуми со кои се фаворизира одреден економски оператор или влијание од одговорни лица во договорниот орган.

Ова е резултат на неповолната состојба со човечки ресурси кај договорните органи: недоволен број на лица кои се вклучени во постапките за јавни набавки; честа промена на вработените; изготвување на технички спецификации од лица без соодветно образование, квалификации и познавање на предметот на набавка; недоволни или несоодветни обуки во однос на правилно утврдување на критериуми за избор; подложност на притисоци и влијанија итн.

За надминување на овие состојби, потребно е зајакнување на капацитетите на институциите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки како и зголемување на институционалниот интегритет и транспарентноста во јавните набавки.

Активност	Носител на активностите	Временски рок	Буџет
1. Цел: Подобрување на процесот на спецификација на минимални барања во техничката спецификација и дефинирање на критериумите за способност			
1.1Воведување процедура за вклучување стручни лица за соодветните предметни набавки	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Февруари 2023	/
1.2 Креирање механизам за обезбедување отвореност на процесот на составување на минималните барања во техничките спецификации и критериумите	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Февруари 2023	/
2. Цел: Подобрување на процесот на евалуација и недискриминаторен пристап кон понудувачите			
2.1 Целосна вклученост на комисијата во сите процеси на евалуација	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од	Јануари 2023	/

	соодветните институции		
2.2 Вклучување на стручни надворешни лица во процесот на евалуација	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Јануари 2023	100,000 од буџет на општина Штип
3. Цел: Транспарентен процес на реализација на договори и намалување на можноста за договарање помеѓу вработените во институцијата и економските оператори			
3.1Воведување на подготовка на мониторинг план на реализацијата на договорите со назначени јасни цели, фрекфенција, кој каде ќе врши мониторинг и извештаи од нив	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Февруари 2023	/
3.2Подготовка на интерен документ/ процедура за соодеветна распределба на улогите на вработените во процесот на реализација на јавните набавки. Имено, да бидат различни лицата кои ја нарачуваат стоката/ услугата/ работата, кои ја примаат или вршат надзор над испораката/ реализацијата и лицата кои ја плаќаат соодветната договорна обврска.	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Февруари 2023	/
4. Цел: Зајакнување на внатрешните капацитети на образовните институции за спроведување јавни набавки			
4.1 Воведување процедури за набавки кои во воспитно образовните институции се реализираат надвор од законот за јавни набавки (екскурзии на ученици, обезбедување на училиштето,	Раководител на одделение за јавни набавки на општина Штип Лице за јавни набавки од соодветните институции	Март 2023	/

фотографирање на ученици и изработка на алманаси, набавка на ужина итн.)			
4.2 Изготвување на правилници со кои ќе се регулира издавањето на недвижниот имот на образовните институции	Соработник за правни акти Раководител на одделение за општи работи	Февруари – Март 2023	/

5.2 Вработувања во јавниот сектор

Вработувањата во јавниот сектор претставуваат област која е директно поврзана со трошењето на јавни пари (платите на вработените во јавниот сектор се финансираат од централниот буџет или буџетите на единиците на локалната самоуправа) и има силно влијание врз квалитетот и пристапот до услугите од јавниот сектор, личниот и институционалниот интегритет и врз креирањето и спроведувањето на јавните политики, што повлекува долгорочни ефекти врз целото општество.

Постојат голем број на закони кои го регулираат вработувањето по сектори, области и институции кои се често менувани и неусогласени и не обезбедуваат еднаквост при вработувањето.

Процедури за привремени вработувања или договори на дело со примена на пониски критериуми се користат во многу случаи, со што се заобиколува Законот за административни службеници. Постапките за вработување во јавниот сектор не се целосно транспарентни, посебно не во однос на критериумите кои биле пресудни за изборот, ниту пак се обезбедува увид на засегнатите страни во целата постапка. Сето горенаведено, генерира многу силен ризик од корупција при вработувањата во јавниот сектор.

Интерните акти за систематизација на работните места, исто така се предмет на чести промени во делот на потребното образование и бројот на извршители, без да бидат засновани на функционална анализа и без реална оправданост дека бараното образование е соодветно за тоа работно место.

Активност	Носител на активностите	Временски рок	Буџет
1. Цел: Транспарентно вработување во образованието			
1.1 Воспоставување на јасни критериуми за бодирање и постапки при спроведување на интервју за вработување на наставници во основното и средно образование	Стручен кадар од образовните институции Раководител на одделение – сектор за образование	Јуни – Август 2023	/

1.2Навремено објавување на огласите, пред почетоткот на учебната година	Стручен кадар од образовните институции Раководител на одделение – сектор за образование	Јуни – Август 2023	/
1.3 Објавување на огласите за вработување со сите потребни информации (на пример: тест за познавање македонски јазик кој не стое во огласот, а е услов за вработување)	Секретар на соодветната образовна институција	Јануари 2023 – декември 2023	/
1.4 Објавување на огласите во повеќе гласила за да стигне информацијата до сите заинтересирани (веб страна на институцијата, веб страна на општината, социјални мрежи)	Секретар на соодветната институција Општина ЈП Градинки училишта	Јануари 2023 – декември 2023	/
1.5 Воведување норматив за немање кадар – неусогласеност на профил со барањата на институцијата	Стручен кадар од образовните институции Раководител на одделение – сектор за образование	Јануари 2023 – декември 2023	/
2. Цел: Функционална систематизација на работните места во јавниот сектор			
2.1 Проценка на реалните потреби за бројот на вработени и нивната стручност во субјектите од јавниот сектор	Раководител на одделение за човечки ресурси општина Штип Директори на ЈП, градинки и образовни институции	Јануари - Јуни 2023	/
2.2 Јасно дефинирање на видот на образование за конкретно работно место во актите за систематизација на работни места	Раководител на одделение за човечки ресурси Директори на ЈП, градинки и образовни институции	Јануари - Јуни 2023	/

5.3 Урбанизам

Законската регулатива за вршење на работи во областа на градежништвото, урбанизмот и просторното планирање предвидува издавање на одобренија, решенија, дозволи, лиценци и други документи. Значењето на овие документи е уште поголемо кога ќе се земе предвид дека

градежните зафати чие одобрување е во надлежност на овој сектор вообичаено чинат многу, остава простор за притисоци, влијанија и поттикнување на коруптивно однесување. Од таа причина, издавањето на различни документи, како и инспекцискиот надзор се сметаат како точки кои може да генерираат ризик од корупција во овој сектор.

Активност	Носител на активностите	Временски рок	Буџет
1. Цел: Ревидирање на процедурата за постапка за легализација на бесправни објекти			
1.1 Воспоставување тим од градежен и комунален инспектор за зголемена контрола на терен (ситуацијата на терен и приложената документација да соодвествува со фактичката состојба (имаат елаборати, а немаат ни започнато со градба)	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина	Ноември 2023	/
1.2 Да се воспостави процедура да се пријават по автоматизам претпријатијата кои издаваат елаборати кои не соодвествуваат со објектот на терен	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина	Јануари - февруари 2023	/
1.2 Да се формира комисија за издавање на урбанистичка согласност и решение за легализација на бесправно изградените објекти. (поради конфликт и можности за корупција бесправните градби тешко ќе се вклопат во идното планирање и според локацијата и според намената на земјиштето).	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина	Јануари 2023	/
2. Цел: Намалување на можноста за судир на интереси при издавање на одобрение за градба и уредување на градежно земјиште			
2.1 Воведување процедура во постапките за издавање на одобрение за градба,	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на	Јануари - февруари 2023	/

проектантите да потпишат изјава за судир на интереси	градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина		
2.2 Да се воспостави систем на мониторинг во уредувањето на градежното земјиште, дали се реализира според усовоениот план и програма	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина	Март - Јуни 2023	/
2.3 Да се направи анализа и врз основа на таа анализа реално да се планираат програмите за уредување на градежно земјиште	Раководител на сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина Директор на ЈП Стипион и ЈП Исар	Септември 2023	/

5.4 Превенција од корупција и судир на интереси

Јакнењето на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор е најодржливиот пристап во спречувањето на корупцијата. Затоа, потребно е континуирано да се вложуваат напори за зајакнување на интегритетот и отчетноста преку градење на јасни правила за спречување судир на интереси; воспоставување и спроведување на етички стандарди; заштита на лицата кои пријавуваат корупција; пристап до информации и транспарентност.

Активност	Носител на активностите	Временски рок	Буџет
1. Цел: Воспоставување внатрешен систем за превенција од корупција и судир на интерси			
1.1 Назначување на лице за интегритет, каде вработените ќе можат да пријават или укажат на соменж од корупција или судир на интереси	Раководители на ЈП и на градинките и образовните институции	Јануари 2023	/
1.2Воспоставување процедура на процесирање на пријавите за корупција и судир на интереси	Раководители на ЈП и на градинките и образовните институции	Февруари - Март 2023	/
1.3 Изготвување на Програма за обуки за вработените за етика и интегритет	Раководител на одделение за човечки ресурси од општина Штип, ЈП,	Февруари - Март 2023	/

	градинки и училишта		
1.4 Изготвување на регистар на поминати обуки на вработените и соодветна евалуација на нивниот учинок	Раководител на одделение за човечки ресурси од општина Штип, ЈП, градинки и училишта	Јуни 2023	/
1.5 Воспоставување транспарентен систем на награди и казни, со јасни критериуми и нивно јавно објавување со образложение (унапредување, наградени, казнети)	Раководители на сите одделенија во општина Штип, лице одговорно за човечки ресурси во ЈП, градинки и училишта	Јуни-Август 2023	/
1.6 Дигитализација на услугите на општината со систем за електронско следење на сите поднесени документи во општината	Градоначалник и одделение за ИТ	Ноември 2023	300,000 МКД од буџетот на општина Штип

6. Користена литература

1. Закон за спречување на корупција и судир на интереси (Службен весник на РМ бр. 12/2019),
2. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, достапна на https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf
3. Проценка на области ранливи на корупција на локално ниво, резултати од истражување, достапно на http://www.adimacedonia.org/wp-content/uploads/2020/12/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%BB%D0%B8%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%BE.pdf.pdf
4. Етички кодекс на општина Штип од 2018 година, достапен на file:///C:/Users/NevenkaLongurovaGiro/Downloads/Eticki%20kodeks-administracija-26%2004%202018.pdf
5. Политика на интегритет на општина Штип, достапна на https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/07/%D0%9F%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%A8%D1%82%D0%B8%D0%BF.pdf
6. Пријави од укажувачи, овластено лице за прием на пријави во општина Штип, http://stip.gov.mk/index.php/mk/component/content/article/35-home/4334-prijavi-od-ukazuvaci